Republika ë Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional MUZEU I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр/Nr 03-168/10
31.03 2022 год/viti.
Скопје-Shkup

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 22 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-920/1 од 24.09.2015 година, бр.02-104/4 од 26.02.2018 година, бр.02-212/2 од 13.03.2019 година, Управниот одбор на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија- Скопје на седница одржана на 11.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Статутот на**
**Националната установа Музеј на Република Северна Македонија- Скопје**

Член 1

Во Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија -Скопје бр.01-920/1 од 24.09.2015 година, бр.02-104/4 од 26.02.2018 година, бр.02-212/2 од 13.03.2019 година, во членот 15 став (1) во точката 3 се менува
и гласи:
„да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование во една од следните области и тоа:

- историски науки;
- историја на уметноста или
- етнологија и етногенеза".

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на добивањето согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на НУ Музеј на Република Северна Македонија -Скопје.

**Образложение**

Согласно добиеното Барање од Министерството за култура бр. 02-14420/1 од 17.12.2021 година потребно е да се изврши ревидирање на Статутот на установата во делот кој се однесува на потребното стекнато високо образование на кандидатот за избор на директор на установата со цел недвосмислена и правилна примена на Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација. Поради причините наведени во горененеденото Барање, Националната установа Музеј на Република Северна Македонија –Скопје започна постапка за измена и дополнување на Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија –Скопје бр.01-920/1 од 24.09.2015 година, бр.02-104/4 од 26.02.2018 година, бр.02-212/2 од 13.03.2019 година.

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на НУ Музеј на Република Северна Македонија –Скопје ја донесува Управниот одбор на НУ Музеј на Република Северна Македонија –Скопје, согласно член 22 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија –Скопје, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

Имајќи го во предвид напред наведеното, Управниот одбор на НУ Музеј на Република Северна Македонија –Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Управен одбор на НУ Музеј на РСМ Скопје
Претседател Проф. д-р Владимир Јаневски

-------------------------------------------------

Да се достави до:

- Архивата на Музејот
- Огласна табла
- Досие на Управен одбор
- Министерство за култура на Република Северна Македонија